## НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 68 став 2 од Законот за Народната банка на Република Македонија ("Службен весник на РМ" бр. 3/02, 51/03, 85/03, 40/04, 61/05 и 129/06), а во врска со член 18 став 3 од Законот за платниот промет ("Службен весник на РМ" бр. 113/07), гувернерот на Народна банка на Република Македонија донесе

# У П А Т С Т В О
## за постапката за исправка на грешка направена од носител на платниот промет

(Службен весник на Република Македонија бр. 150/07)

1. Со ова Упатство се пропишува постапката за исправка на грешка направена од носител на платниот промет за плаќање извршено во корист на примач на средства со сметка кај друг носител на платниот промет.

2. Платен инструмент на товар на сметка за исправка на грешка, со исклучок на трезорската сметка, во смисла на ова Упатство, по налог на носителот на платниот промет кој ја направил грешката, може да издаде носителот на платниот промет кај кој се води сметката на примачот на средствата.

3. Носителот на платниот промет кој ја направил грешката до носителот на платниот промет кај кој се води сметката на примачот на средствата, доставува писмено барање за исправка на грешка кон кое приложува копии од изводот од сметката на налогодавачот и соодветниот платен инструмент.

4. Носителот на платниот промет по приемот на барањето од точка 3 од оваа Одлука, во рок од два работни дена (датуми на валута) постапува на следниот начин:

- за друга одобрена сметка од сметката наведена во копието од платниот инструмент доставен од носителот на платниот промет кој ја направил грешката, издава платен инструмент, со истовремено известување на имателот на сметката на која се примени средствата, со кој се задолжува сметката на примачот која се води кај него, а се одобрува сметката на плаќачот која е назначена како налогодавач на копието од платниот инструмент кој е доставен со барањето или се одобрува сметката на носителот на платниот промет кој ја направил грешката, согласно дадените инструкции во барањето.

- за одобрена сметка на поголем износ од износот наведен во копието од платниот инструмент доставен од носителот на платниот промет кој ја направил грешката, издава платен инструмент, со истовремено известување на имателот на сметката на која се примени средствата со кој се задолжува сметката на примачот која се води кај него, за разликата

помеѓу износот наведен во копието од платниот инструмент и износот наведен во изводот од сметката, или целиот износ доколку во барањето од другиот носител на платниот промет е наведено дека повторно е процесиран налогот за плаќање на правилниот износ, а се одобрува сметката на плаќачот која е назначена како налогодавач на копието од платниот инструмент кој е доставен со барањето или се одобрува сметката на носителот на платниот промет кој ја направил грешката, согласно дадените инструкции во барањето.

5. Задолжувањето на средствата од сметката за исправка на грешка пропишани во точка 4 од ова Упатство, се врши на тој начин што се спроведува платниот инструмент со кој се врши исправка на грешка, а потоа се вршат плаќања од сметката каде се извршила исправката на грешка.
6. Ова Упатство влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 2008 година.

У.бр. 7797
7 декември 2007 година
Скопје

гувернер
м-р **Петар Гошев,** с.р.